**Конкурс за ангажирање на: ЕКСТЕРЕН/А ЕВАЛУАТОР/КА НА ПРОГРАМАТА НА СОЈУЗ НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ ( НСРР )**

## 1. За Сојуз – Национален совет за родова рамноправност

Националниот совет за родова рамноправност (НСРР) е национална мрежа на 116 локални женски организации посветена на родова рамноправност, заштита на женските и човековите права, развој и градење мир. НСРР има мисија да ги промовира правата на жените, да работи на елиминација на сите форми на дискриминација на жените и на изградба на општество со еднакви можности за сите.

За спроведување на својата програма за работа и реализирање на стратегијата на организацијата за период од 2022 – 2025 година, НСРР обезбеди оперативен грант од фондови на Европската Унија. Согласно со Стратегијата на НСРР, целта на годишната програма е да придонесе кон родовата рамноправност и почитување на женските права како основни човекови права во Република Северна Македонија. Една од целите кон кои НСРР се стреми во овој период е:

- Зајакнување на ефективноста, ефикасноста, транспарентноста, отчетноста и одржливоста на мрежата и нејзините регионални центри.

Спроведувањето на активностите од годишната програма е следено од страна на надворешен експерт/ка.

## 2. Опис на работните задачи и испорачани услуги

Екстерниот евалуатор/ка ќе биде ангажиран/а од страна на Сојуз – Национален совет за родова рамноправност, со цел да спроведе независна евалуација на тековните стратешки цели, како и нивните резултати одредени во рамки на Годишната работна програма (ГРП). Евалуацијата има за цел да ја утврди релевантноста и исполнувањето на целите, ефикасноста, ефективноста и одржливоста на програмата.

Од експертот/ката се очекува да развие методологија соодветна за евалуација на програмата на организацијата, начинот на пристап до информации кое опфаќа и интервју со три фокус групи (претставнички на регионалните центри, учеснички во активностите и претставници на институции со кој е остварена соработка) собирање, преглед и анализа на релевантни податоци како и подготовка и финализирање на извештај за евалуација. Евалуаторот/ката ќе биде во постојана соработка со програмскиот тим за да обезбеди непречен тек на процесот.

### 2.1 Задачи и одговорности кои се очекува да ги исполни евалуаторот/ката:

- Развој на методологија за евалуација;
- Развој на временска рамка за реализација на предложените задачи
- Прибирање и анализа на програмската документација: темелен преглед на програмските документи, извештаи и други релевантни материјали;

- Проценка на релевантноста и исполнувањето на програмските цели: оценување на степенот до кој се исполнети стратешките цели на органицазијата, како и нивното усогласување со мисијата и визијата на НСРР;
- Преглед на ефикасноста на организацијата: анализа на распределбата и искористеноста на ресурсите ( финансиски, човечки и технички);
- Анализа на одржливоста на програмата: проценка на потенцијалот за долгорочната одржливост на програмата и потенцијалот за создавање на трајно позитивно влијание;
- Подготовка на извештај: подготовка на сеопфатен извештај, презентирајќи ги наодите и препораките добиени врз основа на спроведената евалуација. Извештајот треба да ги нагласи областите на успех, предизвиците со кои се соочува организацијата, како и потенцијалните области за подобрување.

### 3. Времетраење и период на спроведување на евалуацијата

За овој ангажман се предвидени **15 работни дена** во текот на месец **септември** 2023 година.

### 4. Испораки/резултати

До крајот на задачата треба да има финализирано:

- План за задачи со методологијата
- Извештај за евалуација со наоди и препораки (максимум 15 страници)

### 5. Квалификации и барања кои треба да ги задоволи евалуаторот/ката

Од евалуаторот/ката се очекува да ги исполни следниве критериуми:

**Општо професионално искуство:**

- Високо образование во областа на општествените науки ;
- Постдипломски и докторски студии ќе се сметаат за предност;
- Минимум 10 години работно искуство.

**Специфично професионално искуство и вештини:**

- Најмалку 5 години искуство во спроведување на евалуации ( предност евалуации во граѓанскиот сектор и/или сродни сектори);
- Искуство во работа со претставници од женски граѓански организации;
- Разбирање на програми за развој, стратешки планови, работни програми, како и вештини за управување со граѓански организации;
- Одлични вештини за анализа на податоци (квалитативни и квантитативни);
- Одлични комуникациски вештини;
- Умешност во подготовка на квалитетни извештаи;
- Способност за спроведување на независни евалуации, доделување на објективни и непристрасни оцени;
- Почитување на принципите за доверливост на информациите на организацијата;

Co-funded by the European Union
ЕУ со ТЕБЕ
НСРР

- Способност за самостојно работење;
- Одлично познавање на македонски јазик;
- Способност за работење со кратки рокови и навремено испорачување на услуги.

## 6. Пријавување и избор

Заинтересираните кандидати/ки може да се пријават со доставување на следниве документи:

- Професионално CV;
- Писмо за искажување на интерес;
- Методологија (план за задачата);
- Листа од три лица и нивни контакти за препораки од слични ангажмани;
- Финансиска понуда, која вклучува надомест по ден во бруто износ изразена во македонски денари, со вклучен персонален данок на доход.

Пријавите треба да се достават најдоцна до **25.08.2023 година** на епошта: sozm@t.mk , teazografska@gmail.com и stankovikmartina@gmail.com , со предмет:Апликација **за ЕКСТЕРЕН/А ЕВАЛУАТОР/КА НА ПРОГРАМАТА НА СОЈУЗ НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ ( НСРР ).**

Критериуми за избор на обучувачот/ката се претходното релевантно професионално искуство, квалитетот на предложената методологија и финансиската понуда. Доколку има потреба кандидатите/ките кои ќе влезат во потесен избор може да бидат повикани на интервју. Апликации со нецелосна документација нема да се разгледуваат.